# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***Август 2020 година***
***ЕУЦ-број 53/2020***


## ГЕРМАНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Германско претседателство со Советот на ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Парламентарна домензија на германското претседателство со ЕУ | 3 |
| Парламентарни избори во Хрватска | 3 |
| Конститутивна седница на Собранието | 4 |
| Предлог преговарачка рамка за Р.С. Македонија | 5 |
| Макрофинансиска помош од ЕУ за Северна Македонија | 5 |
| Европскиот одговор за справување со COVID-19 | 6 |
| Европската комисија потпиша договор за набавка на вакцини против ЦОВИД-19 | 7 |
| Европска поддршка во обновливите енергии | 7 |
| Олесенти правилата за производите со потекло од Западен Балкан | 8 |
| 12-август Меѓународен ден на младите | 8 |
| Започна наставата во училиштата во Германија | 9 |
| Иновативни канали на продажба на француските земјоделци | 9 |
| Влијание на COVID-19 врз потрошувачката и заштедите на домаќинствата | 10 |
| Нови правила за автомобилите во Европа | 10 |
| 19-август Светски ден на хуманитарноста | 11 |
| ЕУ календар / септември 2020 | 11 |


Под слоганот „Заедно за закрепнување на Европа", Германија по 13-ти пат претседава со претседателството со Советот на ЕУ, од јули до декември 2020. Германија го презеде претседателството со ЕУ од Хрватска во момент на најголемата светска здравствена криза. Федералната влада на Германија тесно ќе соработува со земјите-членки на ЕУ и партнерите Португалија и Словенија од претседателската ЕУ тројка.

*Водечки принципи* на Германското претседателство со Советот на ЕУ:

*Трајно надминување на пандемијата COVID-19 и економското закрепнување,* преку постепено укинување на ограничувањата во шенген-зоната, враќање на редовните процеси на координиран начин во однос на заштита на надворешните граници, визните процедури, укинување на ограничувањата поврзани со кризата, создавање услови за постепено економско закрепнување.

*Посилна и иновативна Европа* **-** со преземање мерки за забрзана, одржлива и дигитална трансформација базирана на вредности. Претседателството ќе се посвети на модерна дигитална регулаторна политика со цел поддршка на дигиталната трансформација во рамки на економската политика согласно правилата за конкуренција на социјален и одржлив начин.

*Фер Европа* **-** решавање на социјалните ефекти од кризата, зачувување на социјалната кохезија и промоција на долгорочни перспективи за младите. Во програмата акцентирано е унапредувањето на еднаквоста на жените и мажите, се земаат предвид интересите на лицата со посебни потреби и промовирање на активно граѓанско општество.

*Одржлива Европа* **-** надминување на економско-социјалните последици од пандемијата COVID-19 на одржлив и инклузивен начин. Приоритетите за постигнување на оваа цел се: амбициозна политика за животна средина и биодиверзитет со фокус на агендата на ООН за 2030г. за одржлив развој и земјоделство.

*Безбедна Европа и заеднички вредности* **-** заштитата на споделените вредности, индивидуалните права и слободи се еден од постулатите на ЕУ. Програмата на претседателство предвидува подобрување на прекуграничната соработка преку европско полициско партнерство и подобрување на соработката помеѓу полицијата, царината и судството.

*Силна Европа во светот* **-** ЕУ обезбедува централизирана рамка за национална надворешна, безбедносна и развојна политика. и презема посебна одговорност за ефективно европско надворешно дејствување. Германија во текот на претседателството ќе организира два големи самити: ЕУ-Африка и ЕУ-Кина.

Германија ќе продолжи со ангажманот за поддршка на регионалната соработка, особено меѓу шесте земји од Западен Балкан. За ЕУ и Германија, земјите од Западен Балкан се од највисок приоритет.

*"Бараме кредибилна перспектива за пристапување на земјите од Западен Балкан во ЕУ. Нивното приближување кон Европската унија е во интерес и на регионот и на ЕУ. Активно ги засилуваме тековните преговори со Србија и Црна Гора и се подготвуваме за почеток на пристапните преговори со Албанија и Северна Македонија со изготвување на рамката за преговори за овие две земји, земајќи ја предвид новата методологија за проширување"* - наведено е во програмата на Германското претседателство со ЕУ 2020.

https://www.eu2020.de/eu2020-en

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu



***Германската канцеларка Ангела Меркел се обрати пред ЕП во дебатата за стратегијата и клучните цели на Германското претседателство со Советот на ЕУ***

***Резултати од новото истражување на јавното мислење во време на COVID-19: «Европските граѓани очекуваат Унијата да покаже поголема солидарност, да превземе повеќе мерки за оправување».***

***Во контекст на преговорите за идниот буџет на ЕУ, Парламентот се придружува на барањата на граѓаните за повлијателна и поамбициозна Унија***

***Европскиот парламент одржа пленарна сесија од 08 до 10 јули годинава,*** на која германската канцеларка Ангела Меркел ги претстави програмата и приоритетите на Германското претседателство со Советот на ЕУ. Во дебатата за целите на германското претседателство учествуваа европратениците и претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен.

Европратениците со 343 гласа ја одобрија кандидатурата на Франсоа-Луи Михауд за извршен директор на Европското надзорно тело за банкарство (ЕВА) кое е дел од европскиот систем за финансиски надзор и претставува независно тело кое одговара пред ЕП, Советот и ЕК.

Во дебатата со претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел и европскиот комесар Марош Шефовиќ, европратениците потврдија дека пакетот за обнова и обновениот долгорочен буџет на ЕУ предложени од ЕК, се минимумот што е прифатлив за Европарламентот. Европратениците побараа соодветен план за отплата, вклучително и нови „сопствени ресурси на ЕУ“, извори на приходи како дигитален данок.

Во однос на предлог-заклучоците на Европскиот совет од 17-21 јули, Европарламентот изрази задоволство за фондот за заздравување, но не и за предложениот долгорочен буџет. Преговарачкиот тим на ЕП за повеќегодишната финансиска рамка (2021-2027) составен од 6 европратеници, го поздрави политичкиот компромис на ЕУ лидерите и договорот за новиот инструмент за заздравување. Сепак, ЕП јасно даде на знаење дека има сериозни забелешки на одредени клучни аспекти од постигнатиот компромис, особено од долгорочна перспектива. Европратениците не се согласија за намалување на програмите ориентирани кон иднината и сметаат дека „ќе се поткопаат темелите на одржливо и флексибилно закрепнување“. ЕП не го прифаќа предложениот рекордно низок плафон на буџетот за ЕУ Програмите за заштита на климата, дигитална транзиција, здравство, млади, култура, истражување или гранично управување. Европските граѓани бараат поголема европска солидарност, поголеми инвестиции и мерки во јавното здравство, истражувања, дигитализација, борбата против климатски промени. Европратениците ќе бидат единствени по прашањето за долгорочниот буџет на ЕУ, сè до постигнување на задоволителен договор во преговорите меѓу Европскиот парламент и Советот, најдоцна до крајот на октомври со цел непречена реализација на ЕУ програмите од следната година.

ЕП со 562 гласови усвои резолуција со која се утврдуваат начелата на идната ЕУ стратегија за јавно здравје по кризата со COVID-19. Со резолуцијата се повикува на брзо креирање на Европски механизам за одговор на здравствената криза, потребата за достапна цена на вакцината и терапијата за COVID-19 и потребата за итно тестирање на здравствените системи на земјите-членки.

Европарламентот ги поддржа ревидираните правила за подобрување на условите за работа на возачите со цел да се запре нарушувањето на конкуренцијата во патниот транспорт. Европратениците ги одобрија сите три правни акти без измени, кои беа прифатени од министрите на ЕУ во април годинава.

Европскиот парламент со 550 гласа усвои резолуција за идните Насоки на ЕУ за вработување и повика на радикални мерки за ублажување на ефектите врз вработеноста и социјалниот шок предизвикани од пандемијата COVID-19. Европратениците побараа социјалната вклученост и благосостојбата на луѓето да завземат централно место во економските политики на ЕУ, со еднаков приоритет на социјалните, економските и целите на животната средина.

www.europarl.europa.eu

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ГЕРМАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕУ

Претседателството со Советот на ЕУ традиционално го презема земја-членка на ЕУ на ротирачка основа за период од шест месеци. Главната одговорност ја има владата на земјата што го презема Претседателството, но истовремено постои и познатата Парламентарна димензија на претседателството на Советот на ЕУ.

Националниот парламентот на земјата претседавач со ЕУ, треба да обезбеди меѓупарламентарна соработка и зајакнување на улогата на националните парламенти во рамките на ЕУ. Овие области беа проширени со Лисабонскиот договорот кој стапи во сила на 1 декември 2009г.

*Парламентот на претседателството со ЕУ мора да го продлабочи и консолидира дијалогот како помеѓу националните парламенти, така и меѓу националните парламенти и Европскиот парламент.* За таа цел парламентот организира конференции и настани на кои ги поканува парламентите на земјите-членки на ЕУ.

Во Сојузна Република Германија оваа улога ја има германскиот Бундестаг како примарен во организацијата на парламентарната димензија кој делува заеднички со Бундесратот кој исто така е вклучен во парламентарната димензија како втора комора во која се застапени федералните држави или Länder. Како и владата на земјата претседседавач со ЕУ, така и Парламентот претставува заедничка програма со другите два парламенти на државите од т.н. претседателската тројка. Од 1 јули 2020г до 31 декември 2021г. Германија е дел од претседателското трио заедно со Португалија и Словенија.

На 29 јуни годинава, претседателот на Бундестагот Волфганг Шојбле (ЦДУ) и претседателот на Федералниот совет (Бундесрат) Дитмар Воидке (СПД), заедно со претседателот на Собранието на Португалија




Едуардо Феро Родригес и претседателот на Собранието на Словенија, Игор Зорчич и претседателот на словенечкиот Национален совет Алојз Ковча, потпишаа Декларација на трите парламенти за парламентарната димензија на претедателството со Советот на ЕУ. Поради пандемијата COVID-19, потпишувањето се случи преку видеоконференција. Во Декларацијата, претседателите на трите парламенти се согласија да ја промовираат конференцијата за иднината на Европа.

Бундестагот ќе биде домаќин на три средби за прашања значајни за членовите на Комисијата за европски прашања: конференција за COVID 19 и како Европа да стане појака; конференција за климатски промени и заедничката земјоделска политика на ЕУ; конференција посветена на социјална Европа.

https://www.parleu2020.de/en/Events

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ХРВАТСКА

На парламентарните избори во Хрватска, кои се одржаа на 5 јули годинава, владејачката партија Хрватска демократска заедница (ХДЗ) на актуелниот премиер Андреј Пленковиќ освои 66 места во хрватскиот парламент. Алијансата предводена од Либералната социјалдемократска партија, најголемата опозициска партија, освои 41 пратенички места , додека на третото место се најде десничарското движење Домовински покрет, предводено од Мирослав Шкоро, со освоени 16 места. Хрватскиот парламент е составен од 151 членови. Во Хрватска во 10 изборни единици се избираат по 14 членови, во дијаспората 3, а припадниците на малцинствата бираат 8 члена на Парламентот. На кандидатските листи жените беа застапени со 41% и просечна возраст на кандидатите од 48,6 години. Изборите ги следеа околу 8.700 набљудувачи, а за спроведување на изборите беа ангажирани околу 75.000 лица. На парламентарните избори во Хрватска имаше излезност од околу 1,52 милиони гласачи, или 46% од регистрираните гласачи, што претставува рекордно ниска излезност досега. Хрватска е членка на Европската унија од 01 јуни 2013 година.



https://europeanwesternbalkans.com

## КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО



Првата Конститутивна седница на десеттиот парламентарен состав на Собранието на Република Северна Македонија се одржа на 4 август годинава во „Големата сала“ наместо во салата „Македонија", под посебни протоколи поради пандемијата предизвикана од COVID-19.
На седницата со која претседаваше претседателот од претходниот парламентарен состав, Талат Џафери беше извршен избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието, и беа верификувани мандатите на сите 120 пратеници.

Во десеттиот пратенички состав на Собранието Коалицијата „Можеме“ предводена од СДСМ има 46 пратенички мандати, Коалицијата „Обнова на Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ 44 мандати, ДУИ 15 мандати, коалицијата Алијанса за Албанците и Алтернатива 12 мандати, Левица 2 мандати и еден мандат ДПА.

На продолжението на Конститутивната седница што се одржа на 21 август годинава, пратеникот Талат Џафери со 62 гласа „за“ и 43 „против“, по вторпат беше избран за претседател на Собранието.
Откако беше избран за претседател на Собранието, Џафери даде свечена изјава со која веднаш стапи на функцијата.
Собранието на седницата одржана на 30 август годинава со 62 гласа “за” ја избра новата коалициска влада на СДСМ и ДУИ, предводена од премиерот Зоран Заев.





*„Сакам да ве уверам дека мојот иден ангажман на чело на законодавниот дом, ќе биде во иста насока, меѓутоа, збогатен со едно искуство повеќе, а секако, и во поинакви, поповолни услови за нашата земја, која денес е почитуван член на НАТО Сојузот, со усвоена преговарачка рамка со Европската Унија за постигнување на полноправно членство во европското семејство. “*

www.sobranie.mk

## ПРЕДЛОГ ПРЕГОВАРАЧКА РАМКА ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Европската комисија на 01 јули годинава врз основа на одлуката на Советот за општи работи на ЕУ од 25 март годинава, усвои Предлог-преговарачката рамка за процесот на пристапување на Северна Македонија. Документот е во форма на предлог и истиот е доставен до Советот на ЕУ, со цел негово усогласување и усвојување од земјите-членки на ЕУ.

Европскиот комесар за соседска политика и проширување Оливер Вархеи го истакна следното „Исполнувајќи ја нашата обврска, претставуваме конкретни рамки за спроведување на пристапните преговори. Нашите предлози се засноваат на ревидираната методологија за проширување што ја претставивме во февруари за да го направиме пристапниот процес поверодостоен, со посилно политичко управување, подинамичен и предвидлив".

Предлог преговарачката рамка ги утврдува насоките и принципите за пристапните преговори на земјата кандидат и е конципирана во 3 дела врз основа на новата Методологија на пристапниот процес:

1. принципи по кои се водат пристапните преговори,
2. суштината на преговорите и
3. преговарачки процедури.

Предлог преговарачката рамка за Република Северна Македонија е заснована на искуството од минатите проширувања и тековните преговори за пристапување и ја интегрира новата Методологија за процесот за проширување. Откако земјите-членки на ЕУ ќе постигнат согласност за предложената преговарачката рамка, претседателство со Советот на ЕУ ќе ја претстави договорената генерална позиција на ЕУ на првата меѓувладина конференција со земјата кандидат. Меѓувладината конференција ќе претставува формален почеток на преговорите за пристапување во ЕУ.

https://ec.europa.eu

## МАКРОФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД ЕУ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Европската комисија и Северна Македонија на 16 јули годинава потпишаа Меморандум за разбирање за макрофинансиска помош од 80 милиони евра. Ова е прв потпишан меморандум во рамки на пакетот за макрофинансиска помош од 3 милијарди евра, предложен од Европската комисија како помош за десет партнерски земји од процесот на проширување и соседството на ЕУ, со цел ограничување на економските последици од пандемијата со COVID-19. Одлуката за доделување на макрофинансиска помош во контекст на COVID-19 пандемијата беше предложена од страна на Комисијата на 22 април и усвоена од страна на Европскиот парламент и Советот на 25 мај 2020 година. Средствата ќе бидат достапни како долгорочни заеми со поволни услови.

Програмата за макрофинансиска помош за нашата држава е во вредност од 160 милиони евра. Средствата ќе придонесат за зајакнување на макрофинансиската стабилност и за ублажување на социо-економските последици од пандемијата.

Услов за исплата на втората транша од средствата ќе биде спроведување на политиките договорени меѓу ЕУ и Северна Македонија наведени во меморандумот: зајакнување на фискалното управување и транспарентноста, борба против корупцијата, унапредување на надзорот над финансискиот сектор, унапредување на деловното опкружување, борба против невработеноста кај младите.

https://euractiv.rs

## ЕВРОПСКИОТ ОДГОВОР ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19




На состанокот на министрите за здравство на 27-те земји-членки на ЕУ, на 13 февруари годинава во Брисел беше нагласена потребата за подобра координација на мерките за борба против ширење на коронавирусот и проблемите со набавка на лекови и медицинска опрема од Кина. Министрите едногласно усвоија заклучоци со кои го поздравија „ефикасниот одговор на ЕУ на коронавирусот и ги повикаа земјите-членки да преземат мерки за зајакнување на соработката".
Претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел и претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, на 21 април го презентираа Заедничкиот патоказ за закрепнување кој ги утврдува принципите и четири клучни области за надминување на кризата:
1.целосно функционален и ревитализиран единствен пазар;
2.зајакнување на инвестициските достигнувања;
3.глобално дејствување и
4.функционален систем на управување.

Европската комисија на 27 мај годинава претстави предлог за фонд за обнова и долгорочен буџет на ЕУ, повеќегодишна финансиска рамка (MFF) за периодот 2021-2027 година. Европските министрите за економија и финансии ја истакнаа важноста да се обезбеди одрживо закрепнување и постигнување на целите на заедничката политика, како и за зелената и дигитална транзиција.

Министрите за здравство на ЕУ на 12 јуни разменија мислења и ја поздравија новата четврта програма за здравство на ЕК - EU4Health (2021-2027), дизајнирана да даде значаен придонес во закрепнувањето по COVID-19, со фокус на зајакнување на еластичноста на здравствените системи и промовирање на иновации во здравствениот сектор. Буџетот на новата програма се очекува да биде околу 25 пати поголем од сегашната здравствена програма која беше околу 450 милиони евра за 2014 до 2020 година.

Лидерите на ЕУ на 19 јуни разговараа преку видеоконференција за буџетот на ЕУ за 2021-2027 година и планот за обновување со цел да одговорат на кризата педизвикана од COVID-19.

COVID-19 ја истакна потребата за посилна улога на ЕУ во областа на здравството - истакнаа европратениците во резолуцијата за идната Стратегија за јавно здравје на ЕУ, со која побараа брзо создавање на Европски механизам за одговор на сите видови на здравствени кризи преку подобра координација и управување со стратешката резерва на лекови и медицинска опрема. Во дебатата за идната стратегија на ЕУ за јавно здравје, на јулската сесија на ЕП европратениците истакнаа дека се потребни посилни алатки во справување со вонредни здравствени состојби. За развој, авторизација и полесно достапни безбедни вакцини против COVID-19, европратениците со 505 гласа усвоија нова Регулатива по итна постапка, со која ќе се овозможи побрзо развивање на вакцините и третманите со COVID-19.

На 06 мај годинава преку видео врска беше одржан Самитот за Западен Балкан во ко-организација на Европскиот совет и Европската комисија во рамки на Хрватското претседателство со ЕУ. Лидерите потпишаа заедничка декларација во која се потенцира дека ЕУ и земјите од Западен Балкан заеднички се справуваат со коронавирусот и последиците од пандемијата на COVID-19.
ЕУ мобилизираше пакет од над 3,3 милијарди евра наменет за земјите од Западен Балкан и ЕУ соседството. Овие средства, освен за закрепнување од пандемијата наменети се за непосредна поддршка за здравствениот сектор, за потребите на социјалното и економско закрепнување на земјите од регионот и Еу соседството.
Дополнителна поддршка обезбедува пакетот од 750 милиони евра за макрофинансиска помош и 1,7 милијарди евра од Европската инвестициска банка.



## ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ПОТПИША ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА ВАКЦИНИ ПРОТИВ COVID-19



На 27 август годинава стапи во сила договорот за набавка на вакцина против COVID-19, кој Европската комисија го потпиша со британската фармацевтска компанија AstraZeneca. Со овој договор ЕК обезбедува поевтин пристап до вакцината на земјите-членки, земјите партнери со пониски приходи, вклучително и земјите од Западен Балкан. Комисијата ќе набави 300 милиони дози од вакцините што треба да ги произведе AstraZeneca, со можност за набавка на уште 100 милиони во име на земјите-членки на ЕУ.
Вакцината на AstraZeneca е во втора и трета фаза на клиничко тестирање.
Договорот со AstraZeneca претставува важен чекор во спроведувањето на Европската стратегија за вакцини, усвоена од Комисијата на 17 јуни годинава. Стратегијата има за цел да обезбеди квалитетни, безбедни, ефективни и достапни вакцини во рок од 12 до 18 месеци за сите европски граѓани.
Заедно со земјите-членки и Европската агенција за лекови, Комисијата ќе ги искористи постојните флексибилности во регулаторната рамка на ЕУ за да го забрза одобрувањето и достапноста на успешни вакцини против COVID-19.
На 6 септември беа запрени тестирањата на вакцината на фармацевтската компанија и универзитетот Оксфорд во сите земји во светот, со цел да може да се спроведе независна истрага за болеста на волонтерот врз кого беше тестирана вакцината.
Откако била испитана состојбата и медицинската евиденција на пациентот, британските научници дошле до заклучок дека тестирањето може безбедно да продолжи.

https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКА ПОДДРШКА ВО ОБНОВЛИВИТЕ ЕНЕРГИИ



Европската инвестициска банка (ЕИБ) и УниКредит Австрија инвестираат 107,4 милиони евра за поддршка на финансирањето на една од најголемите фарми со ветерници во Австрија. Ветерната електрана ќе има капацитет од 143 мегавати и ќе обезбеди околу 90.000 домаќинства со електрична енергија произведена од обновливи извори. Проектот кој содржи 26 турбини, започнал есента 2019г., се очекува да заврши до крајот на 2021г. Целта на Австрија е да обезбеди целосното снабдување со електрична енергија преку обновливите извори до 2030г.
Објектот ќе го управува Групација PÜSPÖK, бизнис со седиште во Бургенланд кој развива и работи со фарми на ветерници во Австрија уште од крајот на 1990 година.
Во моментот групацијата снабдува 160.000 домаќинства во Австрија со електрична енергија.
Финансирањето е поддржано од Европскиот фонд за стратешки инвестиции - главниот столб на инвестицискиот план за Европа. Проектите и договорите одобрени за финансирање според инвестицискиот план досега имаат мобилизирано околу 524 милијарди евра во инвестиции, од кои околу 84 милијарди евра за проекти поврзани со енергијата.
Инвестицискиот план за Европа е една од клучните активности на ЕУ за зајакнување на инвестициите во Европа.

https://ec.europa.eu

## ОЛЕСНЕТИ ПРАВИЛАТА ЗА ПРОИЗВОДИТЕ СО ПОТЕКЛО ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН



Европската комисија на 24 август годинава усвои пакет предлози кои имаат за цел да ја зголемат трговијата меѓу Европската унија и соседните земји на Пан-евро-медитеранскиот регион (ПЕМ), вклучувајќи го и Западен Балкан, со што ќе придонесат за економско закрепнување по епидемијата на Covid-19.

Предлозите ќе ги модернизираат преференцијалните трговски договори на ЕУ со 20 партнери за трговија со ПЕМ со тоа што релевантните „правила за потекло“ во тие договори ќе ги направат пофлексибилни и поволни за деловно работење, наведе ЕК.

Овие предлози ги изменуваат билатералните договори на ЕУ со Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово.

https://ec.europa.eu

## 12 АВГУСТ—МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МЛАДИТЕ




Меѓународниот ден на младите 2020, на темата „Младински ангажман за глобално дејствување“ има за цел да ги потенцира начините преку кои младите луѓе со нивниот ангажман на локално, национално и глобално ниво ги збогатуваат националните и мултилатералните институции и процеси.

Генералното собрание на ОН Во 1999 година, ја одобри препораката дадена од Светската конференција на министри одговорни за млади (Лисабон, 8-12 август 1998 година), 12 август да биде прогласен за Меѓународен ден на младите.

Вклученоста на младите во формалните политички механизми ја зголемува праведноста на политичките процеси, придонесува за подобри и поодржливи политики, и придонесува за враќање на довербата кај младите во јавните институции.

Градењето на капацитетите на младите во донесување на одлуки и преземање одговорност за здравјето е клучен елемент на Светската програма за младинска акција (WPAY). Улогата на владите, младинските организации и групи на заедницата ќе биде од суштинско значење во обезбедување дистрибуиција на доверливи информации за јавното здравје.

Младите иноватори веќе реагираат на COVID-19 преку иновативноста на социјалното влијание. Низ целиот свет се развиваат голем број на иницијативи за искористување на напорите на младите луѓе за генерирање и давање поддршка на населението погодено од пандемијата.

По повод Меѓународниот ден на младите, Евростат објави интерактивна алатка за визуелизација „Млади европејци“ преку која младите од 16 до 29 години може да направат споредба со животот на другите млади во земјата и другите земји-членки на ЕУ.

https://ec.europa.eu

## ЗАПОЧНА НАСТАВАТА ВО УЧИЛИШТАТА ВО ГЕРМАНИЈА

Во Мекленбург Западна Померанија, сојузна покраина на Балтичко море на 3 август годинава повторно започна училишната година. Во 563 училишта 152.700 ученици од понеделник до петок треба да имаат „нормална” настава, најмалку четири или пет часа дневно, се наведува во соопштението на покраинските власти на Мекленбург Западна Померанија.




Училниците треба да се проветруваат после секој час. Гелендерите не смее да се допираат, а миењето раце е обврска на секој ученик. Средства за дезинфекција треба да се користат само во посебни случаи. Наставниот кадар бесплатно може да се тестира за COVID-19. Доаѓањето и одењето од училиште е поинаку организирано. Петто и шесто одделение формираат една група која може да брои и до неколку стотина ученици. Меѓу различните групи не смее да има контакт, но внатре во нив нема да важат правилата за растојание.
Секое одделение има свој простор во училишниот двор, во гардеробите и кантината. Доколку дојде до зараза на децата само едно одделение ќе биде во карантин, останатите продолжуваат со настава. Начинот на организирање на наставата го препорача и институтот Роберт Кох како највисока здравствена инстанца во земјата.
„Дополнителната „онлајн“ настава на далечина, првенствено служи за вежбање и утврдување на градивото,“ се наведува во Уредбата на Министерството за образование.
Десет милиони евра од Дигиталната програма на германската федерална влада се наменети за локалните заедници за набавка на лаптопи и друга техничка опрема.
Во покраината околу 2.000 наставници поминаа курсеви преку Интернет. За таа цел, покраината купи лиценца од стартап компанија од областа на едукативната технологија (EdTech), која вклучува обука во онлајн дидактика.
Четири дена по стартот на новата школска година, здравствените власти во покраината затворија две училишта поради појава на случаи на коронавирусот. Германскиот совет на родители упати критики до германскиот министер за образование и неговите ресорни колеги од германските покраини за препбрзото и непретпазливо отворање на училиштата, истакна Штефан Васмут, претседател на Советот.

https://euractiv.rs

## ИНОВАТИВНИ КАНАЛИ НА ПРОДАЖБА НА ФРАНЦУСКИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ



Затворањето на локалните пазари за време на пандемијата во градот Монпелје, главен град на францускиот регион Еро на ја намали продажбата на производи на земјоделците. Тие организираа директни канали на продажба на своите производи до крајните корисници.
Системот е едноставен и практичен. По извршена нарачка преку интернет, клиентите ги преземаа своите производи директно од производителите на пунктови за дистрибуција одобрени од општинските власти.
Локалната организациска структура формирана како одговор на ограничувањата наметнати од пандемијата на COVID-19 ги зајакна кратките локални синџири на снабдување. Во организацијата беа вклучени и институции како што се земјоделски комори и градските власти кои циркулираа списоци на локални производители и апелираа до јавноста да контактираат директно со земјоделците.
Во истражувањето на InPACT34 (Иницијатива за граѓанско и територијално земјоделство) спроведено на клиенти на дистрибутивните станици, 147 лица изразиле подготвеност да продолжат да го користат системот за нарачка во нивното соседство.
За разлика од производителите на зеленчук, за многу лозари и сточари директната продажба преку иновативните канали, не била доволна за надоместување на загубите како резултат на затворање на локалните угостителски објекти.

https://www.euractiv.com

## ВЛИЈАНИЕ НА COVID-19 ВРЗ ПОТРОШУВАЧКАТА И ЗАШТЕДИТЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА



Стапката на заштеди на домаќинствата во ЕУ го забележа својот најголем годишен раст во првиот квартал. Растот достигна 3,5% во однос на првиот квартал од 2019 година. Основна причина е намалување на трошоците на потрошувачка на домаќинствата (-1,7%) за разлика од неодамнешните зголемувања од над 2%. Зголемувањето на бруто расположливиот доход на домаќинствата (2,4%), исто така, придонесува за зголемување на стапката на заштеда.

Заштедите на домаќинствата се зголемуваат во сите земји-членки на ЕУ за кои има достапни податоци за првиот квартал од 2020г. Најголем пораст е забележан во Словенија (7,7%), потоа Полска (6,8%) и Шпанија (6,7%). Најнизок раст е забележан во Шведска (1,1%), Чешка (2%) и Германија (2,2%).
Зголемувањето на стапката на заштеда на домаќинствата се објаснува со зголемувањето на бруто расположливиот доход во сите земји-членки на ЕУ.
Најголемо намалување на трошоците за домаќинствата е забележано во Италија (-6,4%), Словенија (-5,3%) и Шпанија (-5,2%). Од друга страна, во шест земји-членки на ЕУ, индивидуалната потрошувачка на домаќинства се зголемува на годишно ниво, со најголем раст во Полска (5,1%) и Чешка (4%).
Острите и непредвидени намалувања на економската активност од кризата со Covid-19, предизвикуваат драматичен пад на вработеноста, на бројот на работните места и работните часови. Најголем пад има во областа на давање услуги за сместување, транспорт, сервисни дејности со храна, уметности, забава, рекреација и др. услужни дејности, главно индустрии погодени од кризата, кои треба да ги почитуваат препораките и мерките за спречување на ширење на коронавирусот.

https://ec.europa.eu

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА АВТОМОБИЛИТЕ ВО ЕВРОПА



Од 1 септември годинава започна примената на Регулативата на ЕУ за одобрување и надзор на пазарот на моторни возила, што беше донесена во мај 2018 година. Новата регулатива на ЕУ има клучни елементи со кои значително го заострува претходниот систем за одобрување и надзор на пазарот, го подобрува квалитетот и независноста на одобрување и тестирање на возилата, ги зголемува проверките на автомобилите на пазарот на ЕУ и го зајакнува целокупниот систем со поголем европски надзор.
Техничките услуги тестирање и инспекции на нови модели на автомобили ќе бидат независно ревидирани врз основа на строги критериуми за да се добие и задржи нивното назначување од земјите-членки. Новата рамка ги подобрува и проверките на возилата што веќе се на пазарот и се продаваат од автодилерите. Од земјите-членки се бара редовно да тестираат минимален број на автомобили и да преземат заштитни мерки за возилата кои отстапуваат од правилата на нивна територија. Во случаи кога производителите ги прекршуваат правилата за одобрување на тип (пр. лажни декларации), Комисијата може да нареди повлекување на целата територија на ЕУ и да одреди казни за производители кои се движат до 30.000 евра по автомобил.
Оваа реформа на законодавството е дел од ангажманот на Европската комисија, за чист, одржлив и конкурентен автомобилски сектор, како што е утврдено во комуникацијата „Европа во движење“. Иницијативите на Комисијата вклучуваат стандарди за квалитет на воздух и $CO_2$, подобрување на тестирањето на емисии за автомобили или поддршка за алтернативни горива и производство на батерии и конкурентноста на европската индустрија.

https://ec.europa.eu

## 19 АВГУСТ - СВЕТСКИ ДЕН НА ХУМАНИТАРНОСТА



По повод Светскиот ден на хуманитарноста што се одбележува на 19 август, генералниот секретар на ООН, Антонио Гутереш им оддаде почит на хуманитарците, на „вистинските херои“ и во борбата против пандемијата Covid-19. Со пандемијата Covid-19, се зголемил бројот на луѓе на кои им е потребна хуманитарна помош. Поради ограничувањата на движењето и карантинот воведени за да се спречи ширењето на вирусот, граѓанското општество и локалните организации го презедоа водството во одговорот на хуманитарната криза.

На 18 август, во изјава по повод Светскиот ден на хуманитарната помош, претставниците на ЕУ им оддадоа почит на хуманитарните работници кои пружаа помош во уште потешки услови од избувнувањето на пандемијата на коронавирусот.

Европската комисија ќе ја финансира хуманитарната акција на ЕУ во износ од скоро 10 милијарди евра за следните седум години - како што се известува во заедничката изјава на високиот претставник за надворешна политика и безбедност Жозеф Борел и комесарот за управување со кризи, Јанез Ленарчич. „За да се спречат ваквите загуби и да се заштитат хуманитарните работници и цивилите, потребно е да се обезбеди почитување на меѓународното хуманитарно право. Затоа ги повикуваме сите страни во конфликтот да се воздржат од напади врз цивилна инфраструктура, вклучително и училишта и болници“, се додава во соопштението.

Светскиот ден на хуманитарноста е основан во 2009г. како комеморација на годишнината од бомбардирањето на седиштето на ООН во Багдад, Ирак во 2003г., кога беа убиени 22 хуманитарни работници.

ООН објави дека во 2019 година е забележан рекорден број напади врз хуманитарни работници, а мета на напад биле и здравствените работници кои со пандемијата се изложени на уште поголеми ризици по своето здравје. Цел на нападот биле 483 хуманитарци, 125 биле убиени, 234 ранети и 124 киднапирани, или за 18% повеќе отколку во 2018г. Минатата година забележано е зголемување на нападите врз здравствените работници, според Светската здравствена организација имало 1.009 напади врз здравствени работници и институции, каде 199 лица починале, а 628 биле повредени.

https://euractiv.rs

---

***ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2020***

*1. Две пленарни сесии на Европскиот парламент: од 31/08-03/09/2020, Брисел, Белгија, и од 14-17/09/2020, Стразбур, Франција;*
*2. Европски ден на конкуренцијата, 07-08/09/2020, Берлин, Германија;*
*3. Состанок на Советот за општи работи на ЕУ, 22/09/2020, Брисел.*
*4.Состанок на Советот за надворешни прашања на ЕУ, 2409/2020, Брисел*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




